МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Ноември 2009

БРОЈ 99

Чиста сметка - здрава вода!

## Чиста сметка - здрава вода

МЦМС во соработка со општината Јегуновце ја започна кампањата „Чиста сметка - здрава вода“. Кампањата има за цел да ја зголеми јавната свест за потребата од индивидуални приклучоци со водомери и плаќање на водата што се користи од новите водоводни системи во општина Јегуновце.

Стартот на кампањата го одбележаа првите едукативни часови за учениците од основното училиште „Шемшево“ во село Жилче на тема „Водата живот значи“. Учениците имаа можност да се запознаат и разговараат за водата на планетата Земја, нејзиното кружно движење, зошто ни е потребна чиста вода, последиците од штетната вода, употреба на водата итн. Истовремено беше направен експеримент, каде на учениците визуелно им беше покажано колкав дел од водата на планетата е чиста вода која може да се користи од страна на луѓето и другите живи суштества.

На првите едукативни часови учествоземаа 58 ученици од петто до осмо одделение. Едукативните часови треба да придонесат кон јакнење на свеста на учениците за значењето на здравата вода за пиење.

Паралелно со едукативните часови започна и дистрибуцијата на промотивниот материјал од кампањата по домаќинствата во општина Јегуновце, како и информативните средби со жителите организирани во соработка со месните заедници.



## „МОСТ“ меѓу Македонија и Северна Ирска



*А. Кржаловски и С. Клековски на презентацијата во Собранието на С. Ирска*

Од 23-27 ноември, Одборот на директори на МЦМС беше во посета на Северна Ирска. Повод беше започнувањето на проектот Мост – граѓанско лидерство преку меѓународен дијалог, кој ќе се спроведува во партнерство со Mediation Northern Ireland (МНИ), од Белфаст.

МОСТ е проект за учење и вмрежување и има цел да ги адресираа прашањата на сегрегација преку создавање и развој на меѓународни врски, размена на добри практики и зајакнување на локалните медијатори со меѓународно искуство.

Проектот е продолжување на досегашната успешна соработка на МЦМС со МНИ и е резултат на успешна пријава за финансирање до Одборот на ЕУ за специјални програми (дел од Европската програма за регионален развој „Инвестирај во својата иднина“). Проектот има три столба. МЦМС е вклучен во првиот – транснационална размена на добри практики. Предвидени се шест разменски посети меѓу Македонија и Северна Ирска и пограничните подрачја на Република Ирска. Посетите се посветени на темите: полиција, локална самоуправа, вера, медиуми, младина, домување. Посетите ќе се реализираат од 2010-2012, колку што е и траењето на проектот.

Идејата за проектот се базира на сличностите на контекстите на Македонија и Северна Ирска (од големината на територијата, популацијата, застапеноста по етничка и верска основа – со големи малцинства, до историјата), вклучително и на конфликтите и договорите за нивно разрешување (Охридскиот и Белигденскиот), како и искуствата на МНИ и МЦМС од претходните активности - обуки од МНИ за медијација и градење на мирот во Македонија и студиски посети на делегации од Македонија (медиуми, верски заедници) организирани од МЦМС на Северна Ирска.

Целта на оваа посета од МЦМС, покрај планирањето на обврските на партнерите, беше и учество на промотивниот настан, организиран од МНИ во Собранието на Северна Ирска, на 25.11.2009 година. Настанот го промовираа двајца пратеници: Вили Кларк, пратеник од редовите на Шин Феин, водечката партија на про-ирски републиканци и Басил МекКри - пратеник од водечката партија на про-британски унионисти. Свои излагања за проектот имаа Питер О'Рајли – директорот на МНИ и Мери МекАнулти – раководител на проектот, а презентација за Македонија имаше Сашо Клековски – Прв извршен директор на МЦМС.

На настанот учествуваа околу 80 претставници од целните групи на проектот (полиција, локална самоуправа, медиуми, мировни активисти и практичари на медијација), кои беа интерактивно вклучени во вториот дел, преку одговарање на прашања (директно, електронски и анонимно) за очекувањата во однос на разните аспекти од проектот. Интересно беше што најголем дел од учесниците сметаа дека можат многу да научат од македонските искуства, а се покажа и комплементарноста на искуствата (Македонија може повеќе позитивни примери да пружи за локалната самоуправа и меѓуверската соработка, а Северна Ирска во однос на полицијата и медиумите).

Со овие активности, МЦМС продолжува со активностите за промоција на предностите од разноличноста и мултикултурноста на Македонија, јакнењето на дијалогот и потребата од меѓузависност на разните заедници.

## Кодекс на добри практики за граѓанско учество во процесот на донесување одлуки

На 12 и 13 ноември 2009 година, во Љубљана, Словенија се одржа Меѓународната конференција „Граѓанското учество во Европа“. Конференцијата ја организираа Центарот за невладини организации на Словенија (ЦНВОС) која е членка на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), во соработка со Конференцијата на Меѓународни невладини организации (ИНГО) како дел од Советот на Европа и Министерството за јавна администрација на Словенија.

Целта на конференцијата беше да се промовира Кодексот на добри практики за граѓанско учество во процесот на донесување одуки. Кодексот беше усвоен на Конференцијата на меѓународни невладини организации на Советот на Европа на 1 октомври 2009 година и потврден со декларација на Советот на министри на Советот на Европа на 21.10.2009 год.

Конференцијата работеше на неколку работилници на специфични прашања поврзани со учеството и искуството на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки. Учесниците се согласија дека Кодексот на добри практики презентира добри искуства за развој на механизмите на граѓански дијалог и практики и е токму на време во напорите за поддржување на посебно на земјите кои и пристапуваат на ЕУ.

## Промовирани Граѓанските информатори во Велес

Денес во Велес беа промовирани Граѓански информатори за услуги, кои треба да обезбедат пристап на граѓаните до информации за услугите. Промоцијата беше дел од одбележувањето на 9 ноември и 65 години слободен Велес.



Граѓанските информатори ги промовираа Славчо Чадиев, Претседател на Советот на општина Велес и Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС. „Велес, градот на македонските дејци, е најдобра илустрација дека луѓето се најголемото богатство на Велес и Македонија. Граѓанските информатори се еден мал дел од мозаикот за отворен и транспарентен Велес", рече меѓудругото Клековски.

## Директорите на ЕБРД се сретнаа со неколку граѓански организации

Во рамките на својата посета на Македонија, делегацијата на Одборот на директори на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), на 12.11.2009 година се сретна со претставници на граѓанските организации.

На средбата учествува Македонка Димитрова, Македонски центар за енергетска ефикасност, Ана Јаневска Делевска, Транспарентност Македонија, Сашо Клековски, МЦМС и Ана Чоловиќ Лесоска, Еко-сенс.

На средбата се разговараше за општата економска и политичка состојба, енергијата, за малите и средни претпријатија и за екологијата.

Сашо Клековски се осврна на подобрувањето на околината за мали и средни претпријатија, потребата од финансиска поддршка, регионалниот и локалниот развој и комуналните услуги.

## Нова проценка на состојбата во граѓанското општество



*Одредување на најважните општествени и политички прашања*

Советодавниот комитет на Цивикус – Индексот на граѓанското општество го одржа својот прв состанок на 4 ноември 2009 година.

Членовите на Комитетот имаа можност да слушнат повеќе информации за овој акциско-истражувачки проект кој ја проценува состојбата со граѓанското општество во земјите во светот. Тие низ дискусијата ги одредија најважните општествени и политички прашања во Македонија, темите за кои ќе се направат прикази на случај и клучните личности со кои ќе бидат направени интервјуа во подоцнежните фази на истражувањето.

Дел од дискусијата беше посветена на дефиницијата на граѓанското општество што ќе се користи за истражувањето, како и на категориите граѓански организации.

Членовите на Советодавниот комитет ја направија првичната проценка на граѓанското општество преку оценка на поддимензиите: граѓански ангажман, ниво на организација, практикување вредности, перцепција на влијанието и надворешна околина.

Овој акциско-истражувачки проект за прв пат беше спроведен во Македонија во периодот 2004 - 2006 година. Резултат од него е најсеопфатното истражување на граѓанското општество во Македонија направено до тогаш. Заради користењето на стандардна методологија, овозможено е да се споредуваат граѓанските општества во сите земји во кои се работи Индексот.

Национален координатор на проектот за Македонија е МЦМС. Новото истражување се очекува да биде завршено до јули следната година.

## Карбинчани ги почувствуваа резултатите од форумите во заедниците



*Седумдесетина задоволни граѓани на Карбинци ги проследија презентациите за тоа што е направено*

Карбинчани ги почувствуваа резултатите од форумите во заедниците.

На 19 ноември 2009 година се одржа последователната форумска сесија во општината Карбинци.

Заинтересираните граѓани имаа можност да слушнат како се завршиле активностите што самите тие ги развиваа, планираа и формулираа во текот на шесте форумски сесии во 2008 година.

„Задоволна сум од резултатите што се постигнати во општината", ни рече на крајот од сесијата Марија Андонова од Таринци. „Имаше многу што не веруваа дека ќе се заврши ова на ваков начин, ама ете, стварно помина се во најдобар ред", додаде таа. И за Марина Коцева од Таринци ова било интересно искуство. „Прв пат учествувам во нешто вакво и ми беше многу интересно, се што се договоривме се реализираше или е во реализација", вели таа. „Децата се најсреќни. Јас сум наставничка во едно училиште во селото Парналија. Децата никогаш немале можност вака да си играат, сега ми е тешко да ги вратам од лулашките во клупа" вели низ насмевка наставничката по англиски јазик.

Форумите им овозможија на граѓаните да се вклучат во одлучувањето во нивната општина и да почувствуваат како изгледа тие да ја креираат политиката. „Во почетокот работите некако ми беа како во магла", го сподели со нас своето искуство Сретен Пешов од Долни Балван, „ама како течеа сесиите – така се си доаѓаше на свое место и работите се разјаснуваа. Јас бев еден од иницијаторите за малите спортски игралишта и ете, ги бидна. Уште да им ставиме светла и клупи па ќе можеме подолго да ги користиме", раскажува со ентузијазам Сретен.

Форумите во заедниците во општината Карбинци започнаа во март 2008. Форумските сесии се одвиваа до крајот на 2008 година. Граѓаните им дадоа приоритет на три проекти при гласањето: урбано уредување, детски игралишта и мали спортски терени кои се спроведоа до крајот на октомври 2009 година.

Буџетот на програмата беше 4 милиони денари.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk